**20110922209**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 6 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.7.2011 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2011 ГОДИНА

Член 1

1. Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2011, 42/2011, 52/2011 и 77/2011) во член 2 став 2 во точка 5) алинеја 3 бројот „90.000,00“ се заменува со бројот „150.000,00“ и по точката 39) се додава точка 40) која гласи: „За директни плаќања за произведени домати и краставици на отворено и во пластеници, продадени во периодот од 1.6 до 30.6.2011 година.

- Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадена површина со градинарски култури и тоа домати и краставици на отворено и/или во пластеници.
- Остварена продажба во периодот од 1.6. до 30.6.2011 година и тоа кај правни лица кои се регистрирани за вршење на трговија со земјоделски производи и запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи што се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со доставување на доказ-откупни белешки.
- Висината на директните плаќања изнесува 2,00 ден/кг.“

2. Во член 4 по точката 5) се додава нова точка 6) која гласи: „За точката 40) крајниот рок за поднесување на барања е 31.8.2011 година“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-3599/1
5 јули 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.